**ЗАПИСНИК**
**од 38-та седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 13.11.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 07.11.2017 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.11.2017 година.
3. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и со 2 воздржани гласа од г-дин Фетаи и г-дин Ајдини и 5 гласа „за“ “ го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 07.11.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и со 2 воздржани гласа од г-дин Фетаи и г-дин Ајдини и 5 гласа „за“ “ го усвои предложениот Записник од 37-та седница на Советот на Агенцијата

за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.11.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување. Објасни дека трговското радиодифузното друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица во целост го плати надоместокот, со што се исполнети условите за запирање на постапката за одземање на дозволата. Појасни дека Советот на Агенцијата за наведениот радиодифузер ја покрена постапката на 36-та седница одржана на ден 30.10.2017 година, а Телеканал А1 го плати надоместокот и пред истекот на 15 дена.

Г-дин Петрушевски рече дека тоа е позитивно, Советот секогаш постапува според Законот и во овој случај ако радиодифузерот платил Советот исто постапува и го прифаќа предлогот. За точката отвори дискусија.

Г-дин Фетаи рече дека во врска со овој случај нема голема дилема или опција што да се каже освен да се прифати предлогот за запирање на постапката кој е согласно Законот. Радиодифузерот го платил надоместокот што значи дека оваа телевизија и во иднина ќе продолжи со работа.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-419 од 10.11.2017 година и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица, бр.08-1052 од 29.09.2015 година, поради извршена уплата во износ од 287.634,00 (двестеосумдесетиседумилјадиишестотинитриесетичетири) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-5083/3
21.11. **2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**